**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 50, став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02), член 15 став 1 точка 7, член 34 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид, како и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2025 година, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот, постапката и критериумите за доделување на еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид.

**Општи одредби**

**Член 2**

Општина Охрид за буџетската 2025 година, согласно програмата за социјална и здравствена заштита предвидува еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на лица (деца) кои се згрижени во семејства што опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство. Предвидената финансиска поддршка изнесува 10.000,00 денари по згрижено дете.

Во буџетот на општина Охрид се обезбедени 133.332 денари за оваа намена.

**Право на учество**

**Член 3**

На јавниот повик право на учество имаат лицата кои ги исполнуваат следните услови:

- да се згрижени во семејство на територијата на Општина Охрид;

Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Начин и постапка**

**Член 4**

По однос на јавниот повик потребно е да се достави следната документација:

**пријава за користење еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид;**

**- копија од лична карта од носителот на згрижувачкото семејство;**

**- трансакциска сметка од носителот на згрижувачкото семејство;**

**- решение за сместување во згрижувачко семејство издадено од надлежен Центар за социјална работа;**

**Пријавите заедно со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид , или лично во архивата на општина Охрид.**

Потребните документи заедно со изјавите треба да бидат доставени најдоцна **20 дена од денот на објавување на јавниот повик**.

Документите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Доставените документи не се враќаат.

**Член 5**

Градоначалникот на општина Охрид објавува Јавен повик за доделување на еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид.

Доставените пријави по „Јавниот повик за еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид, ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 3 (три) члена од редот на вработените во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

**Член 6**

Комисијата за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на Јавниот повик за еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид., работи во полн состав.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за избор.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на стручната комисија задолжена за спроведување на јавниот повик. Оваа комисија е должна во рок од три дена да ги разгледа наводите во приговорот, да изврши проверка и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Завршни одредби**

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.